## КАКО ЌЕ РАБОТИ ШЕМАТА?

Воспитувачите ќе ја користат оваа нова Шема во различни средини за дневен престој на деца на школска возраст, вклучувајќи го дневниот престој со семејство за да обезбедат вашето дете да доживее висококвалитетни искуства.

Шемата се сосредоточува на благосостојбата и развојот на вашето дете. Воспитувачите ќе соработуваат со вас со цел да го запознаат вашето дете, за да можат да подготват програма која ќе се заснова на интересите и способностите на вашето дете. Воспитувачите исто така ќе ве информираат за настаните и активностите во кои ќе учествува вашето дете.

Преку петте цели за подучување на Шемата, воспитувачите ќе му помагаат на вашето дете да развие:

- силно чувство на идентитет
- врски со неговиот/нејзиниот свет
- силно чувство на благосостојба
- самодоверба и да се вклучи во учењето
- ефикасни способности за комуницирање.

## ДА РАБОТИМЕ ЗАЕДНО

Децата напредуваат кога семејствата, воспитувачите, училиштата и пошироката заедница работат во партнерство со цел да ги подржуваат благосостојбата и учењето на децата. Во ова партнерство, секој го цени придонесот на другите и учествува при донесувањето на заеднички одлуки.

Како најважна личност во животот на вашето дете, можете да имате големо влијание ако редовно разговарате со воспитувачот од дневниот престој за деца на школска возраст во кој престојува вашето дете. Информациите што ќе им ги дадете на воспитувачите ќе им овозможат да ги поврзат искуствата на вашето дете дома, на училиште и во заедницата со времето што тие го поминуваат со вашето дете во дневниот престој за деца на школска возраст. Ова го потпомага донесувањето на заеднички одлуки во врска со искуствата на вашето дете во дневниот престој за деца на школска возраст.

## ШТО КАЖУВААТ ДЕЦАТА ЗА КЛУЧНИТЕ ИДЕИ НА ШЕМАТА ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ НА ДЕЦА НА ШКОЛСКА ВОЗРАСТ

*"Навистина чувствувам дека припаѓам тука затоа што имам време да се дружам со другарчињата, персоналот нависитина не почитува и тука има толку многу работи што можеме да ги правиме."* **Annabel, 9 години**



## КАКО ДА ДОЗНАЕТЕ ПОВЕЌЕ

Оваа брошура е вовед на 'My Time, Our Place', Шема за дневен престој на деца на школска возраст во Австралија. За да дознаете повеќе, отидете на www.deewr.gov.au/earlychildhood или распрашајте се кај воспитувачот во дневниот престој за деца на школска возраст што го посетува вашето дете.

Брошурата ја подготви Одделот на австралиската влада за образование, вработување и работни односи (Department of Education, Employment and Workplace Relations) за Советот на австралиските влади (Council of Australian Governments).

MACEDONIAN

# 'Моето време, нашето место'

### Шема за дневен престој на деца на школска возраст во Австралија

My Time, Our Place

Framework for School Age Care in Australia





## Информации за семејства

Нова, национална шема за дневен престој на деца на школска возраст

## ЗА ШТО Е НАМЕНЕТА ОВАА НОВА ШЕМА?

Шемата има за цел да ја збогати и подобри благосостојбата на децата на школска возраст кои престојуваат во дневен престој. Со неа се потврдува фактот дека на децата им е потребно место каде што тие ќе можат да се вклучат во различни игри и слободни активности во кои ќе можат да се чувствуваат среќни, безбедни и опуштени. Таа исто така утврдува дека тие треба да поминуваат време во дружење со нивните другарчиња, да стекнуваат способности за дружење, да решаваат проблеми, да испробуваат нови активности и да учат способности за живот.

Тоа што децата на школска возраст го учат во дневниот престој го надополнува нивното учење дома и на училиште. Во различни средини за дневен престој на деца на школска возраст, големо значење се придава на односите со другите и негување на талентите и интересите на децата.



## ЗАБАВНО Е ДА СЕ ИГРА И ДА СЕ ИМА СЛОБОДНО ВРЕМЕ

Игрите и слободните активности што ги избираат децата и кои ги поддржуваат информирани воспитувачи ги унапредуваат учењето и благосостојбата на децата. Среќата, оптимизмот и чувството на разонода се значајни за нивната емоционална благосостојба и издржливост. Во различните средини за дневен престој на деца на школска возраст, децата се активно вклучени во изборот на различни активности, кои ќе им помогнат да изградат способности и ставови да учат во текот на целиот живот. Децата ќе испитуваат заеднички интереси и ќе создаваат пријателства како членови на заедницата за дневен престој на деца на школска возраст.

Играта и слободното време се многу важни за децата. Преку игра и слободни активности, тие:

- создаваат односи со другите
- ја изразуваат нивната личност и особеност
- развиваат љубопитство, креативност и способности за решавање на проблеми
- ги поврзуваат претходните искуства со доживотното учење
- развиваат чувство на благосостојба.

## ВРЕМЕ И МЕСТО

Ја подготвивме Шемата за да обезбедиме вашето дете да биде вклучено во квалитетни програми во неговиот/нејзиниот дневен престој за деца на школска возраст. Ова е важно време и место за детето каде што ќе може да се опушти, да се запознава со другарчиња, да се вклучува во неговиот/нејзиниот личен развој и да стекнува способности и ставови за здрав начин на живеење. Користејќи ја оваа Шема, воспитувачите (лицата кои се грижат за вашето дете) ќе понудат средина во која децата и семејствата се добредојдени. Тие ќе создадат динамично и прилагодено место што ќе биде подготвено да помогне при развојот на благосостојбата и способностите на децата. Визијата на Шемата е сите деца да се чувствуваат безбедно и да уживаат во искуствата. Таа ќе им служи како водич на воспитувачите за тие да можат да понудат игри и слободни активности кои се привлечни и кои градат основи за доживотно учење.



Шемата 'My Time, Our Place' се сосредоточува на тоа на децата да се гледа како на активни учесници кои се способни да донесуваат одлуки. На децата на школска возраст кои посетуваат програми на дневен престој им се даваат избор и одговорности и преку тоа, тие учат како да го поврзуваат однесувањето и последиците од истото. Со Шемата се распознава значајноста на времето и местото додека децата соработуваат со воспитувачите при организирање на активности и искуства кои се важни за нив. Воспитувачите и децата се почитуваат и си веруваат меѓусебно и заедно донесуваат одлуки во врска со можностите за поддршка за потребите и интересите на децата.